РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број / Numer 03-3147/1
19.08.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 15, член 20 став 1 алинеја 12[1], член 87 и член 88 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија„ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17,168/18, 248/18, 27/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21,154/23, 55/24,193/24 и 247/25), а во врска со член 15 став 1 алинеја 15 и член 41 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр. 01-3632/1 од 22.08.2025 година, во согласност со Заклучокот на Советот на Агенцијата бр. 02-2502/6 од 18.08.2026 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на првото продолжение на 23-та седница одржано на 18.08.2026 година, донесе:

# ОДЛУКА
# ЗА УТВРДУВАЊЕ ЛИСТА НА НАСТАНИ ОД ГОЛЕМО ЗНАЧЕЊЕ ЗА ЈАВНОСТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

1. Со оваа Одлука се утврдува листа на настани (национални или меѓународни) чие телевизиско емитување се смета дека е од големо значење за населението во Република Северна Македонија и кои задоволуваат најмалку 2 (два), од следниве критериуми:
   - Настанот и неговиот исход да имаат голем одглас кај населението на Република Северна Македонија, а не само кај оној дел кој редовно го следи настанот или активностите за кои станува збор;
   - Настанот да има општо признаена, дистинктивна културна важност за населението во Република Северна Македонија и да содржи елементи на неговиот културен идентитет;
   - Да вклучува национална репрезентација или национален претставник во одреден спорт на некој голем меѓународен турнир; и
   - Настанот традиционално да се емитувал на телевизиските програмски сервиси со слободен пристап (бесплатна телевизија), односно се емитува преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс и за него не се плаќа дополнителен надомест, и има привлечено широка публика во Република Северна Македонија.

2. Како настани од големо значење за Република Северна Македонија се утврдуваат:
   - Зимските и летните олимписки игри;
   - Зимските и летните параолимписки игри: церемониите на отворање и затворање, сите финални натпревари и натпреварите во кои учествуваат спортисти од Република Северна Македонија;
   - Олимпијадата за глуви лица: церемониите на отворање и затворање, сите финални натпревари и натпреварите во кои учествуваат спортисти од Република Северна Македонија;
   - Натпреварите од Светското и Европското првенство во атлетика;
   - Квалификациските натпревари што македонските фудбалски репрезентации во машка и женска конкуренција – сениори ги играат за пласман на Светското првенство во фудбал и Европското првенство во фудбал, како и натпреварите на репрезентациите во рамките на УЕФА Лигата на нации, дома или во странство;
   - Натпреварите со кои Светското првенство во фудбал и Европското

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.248/18)

првенство во фудбал се прогласуваат за отворени, натпреварите од групната и елиминациската фаза, полуфиналните натпревари и финалниот натпревар, а особено натпреварите во кои учествува македонската фудбалска репрезентација во машка и женска конкуренција – сениори;

- УЕФА Лига на шампиони во машка и женска конкуренција – сениори: натпреварите од редовната и елиминациската фаза, полуфиналните натпревари и финалниот натпревар, а особено натпреварите во кои учествуваат клубови од Република Северна Македонија;
- УЕФА Лига Европа во машка конкуренција – сениори: натпреварите од редовната и елиминациската фаза, полуфиналните натпревари и финалниот натпревар, а особено натпреварите во кои учествуваат клубови од Република Северна Македонија;
- УЕФА Конференциска лига во машка конкуренција – сениори: натпреварите од редовната и елиминациската фаза, полуфиналните натпревари и финалниот натпревар, а особено натпреварите во кои учествуваат клубови од Република Северна Македонија;
- Натпревари од пријателски карактер (контролни натпревари) на кои настапува македонската фудбалска репрезентација во машка и женска конкуренција – сениори, кои се играат дома и надвор од границите на Република Северна Македонија;
- Европското и светското првенство во кошарка во машка и женска конкуренција – сениори: натпреварите од групната и елиминациската фаза, полуфиналните натпревари и финалниот натпревар, а особено натпреварите, вклучувајќи ги и квалификациските натпревари, во кои учествуваат македонските кошаркарски репрезентации;
- Европското и светското првенство во одбојка во женска и машка конкуренција – сениори: натпреварите од групната и елиминациската фаза, полуфиналните натпревари и финалниот натпревар, а особено натпреварите, вклучувајќи ги и квалификациските натпревари, во кои учествуваат македонските одбојкарски репрезентации;
- ЕХФ Лига на шампиони во ракомет, во женска и машка конкуренција – сениори: натпреварите од групната и елиминациската фаза, полуфиналните натпревари и финалниот натпревар, а особено натпреварите, вклучувајќи ги и квалификациските натпревари, во кои учествуваат клубови од Република Северна Македонија;
- Европското и светското првенство во ракомет, во женска и машка конкуренција - сениори: натпреварите од групната и елиминациската фаза, полуфиналните натпревари и финалниот натпревар, а особено натпреварите, вклучувајќи ги и квалификациските натпревари, во кои учествуваат македонските ракометни репрезентации.

3. Ако настаните од големо значење наведени во листата од точка 2 на оваа Одлука се организираат во делови, тогаш секој посебен дел од настанот се смета за настан од големо значење.

4. Сите настани од големо значење наведени во листата од точка 2 од оваа Одлука, ќе се емитуваат во живо и во целост.

Во случај кога настани од големо значење се одвиваат истовремено, или времето на одвивање на настанот паѓа во периодот од 24:00 до 6:00 часот според официјалното време во Република Северна Македонија, тогаш квалификуваните радиодифузери сами ќе одлучат кои од настаните ќе ги емитуваат во живо и во целост, а кои одложено, во вид на снимка.

Одложеното емитување на настанот од големо значење не треба да преминува 24 часа од времето на одвивање на настанот.

Одредбите од оваа точка важат и за случаите предвидени со точка 3 од оваа Одлука.

5. Со цел да се заштити правото на пристап на јавноста до настаните од големо значење,

и да се оневозможи некој радиодифузер, со добивањето исклучиво право за емитување на настанот, да лиши значителен дел од населението од можноста да го следи настанот, се утврдува дека квалификувани радиодифузери за емитување на овие настани се сите радиодифузери што ги исполнуваат следниве 4 (четири) критериуми:

- со својот сигнал да покриваат најмалку 80% од населението на Република Северна Македонија;
- пристапот до нивниот програмски сервис да биде слободен, што значи дека се емитува преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс и за него не се плаќа дополнителен надомест;
- програмскиот сервис да го емитуваат во некодирана форма и
- настаните од големо значење да ги емитуваат на македонски јазик.

При утврдувањето на квалификуваните радиодифузери, особено се зема предвид радиодифузерот кој, покрај исполнувањето на наведените критериуми, врши дејност од јавен интерес и има обврска да обезбедува радио и телевизиски програмски сервиси од значење за остварување на интересите на целокупната јавност.

6. Доколку квалификуваните радиодифузери имаат технички можности, комерцијален интерес и доколку според дозволата или според Законот (во случај на Јавниот радиодифузен сервис), програмскиот сервис го емитуваат на повеќе јазици, можат овие настани покрај на македонски јазик, да ги емитуваат и на други јазици на етничките заедници што живеат во Република Северна Македонија.

7. Квалификуваните радиодифузери не смеат да ги користат ексклузивните права за емитување настани од големо значење за општеството на начин со кој публиката во други држави ќе биде оневозможена да го следи настанот што таа земја го пријавила како настан од големо значење.

8. За оваа Одлука, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе ги извести Европската комисија и Комитетот за прекугранична телевизија на Советот на Европа.

Одлуката се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Агенцијата.

9. Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

10. Со денот на влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за утврдување листа со настани од големо значење за јавноста на Република Македонија на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.02-1875/1 од 12.03.2015 година.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

**м-р Сашо СТЕФАНОВСКИ**